# Државна комисија за жалби по јавни набавки

# Стратешки план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година

**Број 01-150/1**
**24.03.2017 година**
**С к о п ј е**

[1] 01-150/1 [2017]

*Врз основа на член 205 став (5) од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.27/2015, 78/2015, 192/2015, 27/2016 и 120/2016), Државната комисија за жалби по јавни набавки на ден 24.03.2017 година донесе:*

# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ
# за 2017 година

## ВОВЕД

Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки претставува годишен документ, преку кој што се одразуваат целите и приоритетите на Државната комисија за 2017 година. Во Стратешкиот план за 2017 година се содржани целите и задачите на организациските единици и на Државната комисија за жалби по јавни набавки во целина, активностите за остварување на тие цели, како и ефектите и резултатите на истите.

Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година е изработен во согласност со Програмата за работа на Државната комисија за 2017 година како и во согласност со НПАА.

## Мисија

Мисија на Државната комисија за жалби по јавни набавки е да обезбеди брза, објективна и ефикасна правна заштита во постапките за доделување договори за јавни набавки, како и по жалби во постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство. Правната заштита е достапна во сите фази на постапката за доделување договори за јавни набавки, концесии и јавно приватно партнерство од објавата на огласот до доделувањето на договорот.

Ваквата правна заштита го промовира одржувањето и развојот на системот на јавни набавки, концесии и јавно приватно партнерство заснован на принципите на конкуренција, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки, како и на рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавни набавки, концесии и јавно приватно партнерство.

## Визија

Визија на Државната комисија за жалби по јавни набавки е да придонесе за засилување на целокупниот систем на правна заштита во јавните набавки, концесиите и јавно приватно партнерство преку квалитетна и транспарентна работа.

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕНИ ЦЕЛИ

Државната комисија за жалби по јавни набавки постави годишни стратешки приоритетни цели и активности за реализација на истите, кои треба да бидат реализирани во текот на 2017 година. Тие стратешки приоритетни цели се:

**<u>ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ:1</u>** Решавање по жалбите во постапките за доделување на договори за јавни набавки, концесии и јавно приватно партнерство и жалбите на решение на Советот за јавни набавки во законските рокови, на квалитетен и транспарентен начин.

***Активност:*** 1.1 Зајакнување, развој и одржување на човечките ресурси на Државната комисија;

***Активност:*** 1.2 Надградба и континуирано одржување на воспоставената ВЕБ - страна на Државната комисија базирана на информации за секојдневната работа на Државната комисија и нејзината правна пракса во полето на јавните набавки, концесиите и јавно приватно партнерство и базата на податоци;

***Активност:*** 1.3 Учество во процесот на постојана обука и стручно усовршување на сите инволвирани страни во постапките за доделување договори за јавни набавки (приватниот сектор, јавниот сектор и локалната самоуправа) преку организација на работилници;

***Активност:*** 1.4 Учество во подобрувањето на правната рамка која го уредува системот за јавни набавки во Република Македонија и

***Активност:*** 1.5.Примена на ИСО стандарди за квалитет 9001:2008.

**ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ:2** Развој, одржување и надградување на електронската архива во Државната комисија за жалби по јавни набавки, како и воведување на електронски систем за управување и водење на целокупната жалбена постапка пред Државната комисија.

***Активност:*** *2*.1 Електронски систем за прием на жалби;
***Активност:*** *2*.2 Електронска распределба на предмети по случаен избор;

***Активност:*** *2.3* Електронско доставување на Одлуки на Државната комисија до странките во постапката за правна заштита и

***Активност:*** *2.4* Интегриран систем за поврзување на сите инволвирани страни во жалбената постапка пред Државната комисија по електронски пат во реално време.

***Активност:*** *2.5* Надградба и усовршување на електронската архива.

Овие цели и активностите ќе придонесат за воспоставување на поефикасен и поквалитетен систем за правна заштита на јавните набавки, концесиите и јавно приватно партнерство.

## Опис на Државната комисија

Државната комисија е самостоен државен орган надлежен за:

- решавање по жалби во постапките за доделување договори за јавни набавки пропишани со Законот за јавни набавки,

- решавање по жалби во постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство,

- решавање по жалби на решение донесено од Советот за јавни набавки и

- други работи согласно со закон.

Државната комисија е составена од претседател и четири члена, кои се именувани од Собранието на Република Македонија со мандат од пет години и кои функцијата ја извршуваат професионално, со полно работно време и не можат да имаат друга функција и да бидат вработени на друго работно место, или да добиваат друг надомест, освен платата и надоместоци од повремени едукативни и авторски хонорари.

Државната комисија има Стручна служба во која се вработени вкупно 13 лица и тоа: 12 административни државни службеници и 1 помошно техничко лице. Стручната служба е организирана во два сектори во чии рамки има вкупно пет одделенија и едно самостојно одделение, од вкупно 43 работни места согласно Правилникот за систематизација на работните места на Државната комисија за жалби по јавни набавки. Со Стручната служба раководи Генерален секретар. Заклучно со 31 декември 2016 година пополнети се 13 работни места или 30,23% од вкупно систематизираните работни места согласно Правилникот за систематизација на работните места на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**Програми (активности) за остварување на приоритетните цели**

Во ова поглавје презентирани се Програмите (Активностите) за остварување на приоритетните стратешки цели на Државната комисија, кои се компатибилни со активностите што произлегуваат од континуитетот на процесите на реформата на внатрешниот пазар во Република Македонија и НПАА.

**Приоритетна цел: 1.**

**Решавање по жалбите во постапките за доделување на договори за јавни набавки, концесии и јавно приватно партнерство и жалбите на решенија на Советот за јавни набавки во законските рокови, на квалитетен и транспарентен начин.**

Државната комисија за жалби по јавни набавки е основана со цел да решава по жалбите изјавени во постапките за доделување на договори за јавни набавки, жалбите во постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство, како и по жалбите изјавени на донесени решенија од Советот за јавни набавки и други работи согласно со закон. Постапките за доделување на договори за јавни набавки, концесии и јавно приватно партнерство се засноваат на комплексна и строга законска процедура. Поради сета оваа комплексност на постапката за доделување договори за јавна набавка, а особено нејзината поврзаност со извршувањето на едногодишниот буџетски циклус, од суштествено значење за развојот на целиот систем на јавните набавки е целиот процес на донесување на одлуки на Државната комисија да трае што е можно пократко.

Правната заштита во постапките за доделување договори за јавна набавка, концесии и јавно приватно партнерство почитувајќи ги основните процедурални принципи, мора да биде брза и ефикасна, особено заради суспензивниот карактер на жалбата, односно неможноста за извршување на одлуката за доделување на договорот за јавна набавка до донесувањето на одлуката од страна на Државната комисија, а во смисла на навремено извршување на буџетот на договорниот орган.

Постапувањето на Државната комисија по изјавената жалба во постапките за доделување договор за јавна набавка, концесии и јавно приватно партнерство, треба да биде објективно, законито и јавно. Тоа ќе се постигне преку овозможување увид во сите фази на постапката, јавно објавување на примените жалби, детално образложение на сите причини за донесување одлука, јавно објавување на одлуките, како и електронско доставување на одлуките до странките во постапките за правна заштита водени пред Државната комисија.

**Активност: 1.1**

**Зајакнување, развој и одржување на човечките ресурси на Државната комисија**

Стручната служба како дел од Државната комисија, се состои од постојано вработени административни државни службеници (раководни, стручни и стручно-административни државни службеници) и помошно- технички лица. Во насока на водењето на претходната постапка под раководство на членот на кој му е доделен предметот, која бара сестрано правно познавање, како и поради големиот број на изјавени жалби пред Државната комисија, професионалноста на вработените во стручната служба кои по професија се дипломирани правници, е од голема важност. Легислативата во Република Македонија често се менува, а во согласност со принципот на законитост, Државната комисија мора сите позитивни прописи да ги имплементира во праксата. Поради тоа, потребно е вработување на еден административен службеник-соработник во Секторот за решавање по жалби за јавни набавки, концесии и јавно приватно партнерство.

Исто така, поради спогодбен престанок на работен однос на еден административен службеник на работно место помлад референт за архивски работи заклучно со 30 ноември 2016 год, неопходно е пополнување на ова работно место поради големиот обем на работа во Одделението за логистички работи, посебно во делот на архивата каде што моментално е вработено само едно лице. Потребно е и пополнување на работно место Домаќин во истото одделение.

Со оглед на обемот на обврски кои произлегуваат од Законот за административни службеници како и од Законот за вработени во јавен сектор, а имајќи предвид дека во Одделението за финансиски прашања и управување со човечки ресурси има само еден вработен административен службеник, кој ги извршува овие обврски, покрај извршувањето и на обврски од делот на финансиските прашања, во ова одделение исто така е потребно пополнување на работни места и доекипирање на одделението, заради обезбедување на добра функционалност на истото.

Со оглед на наведеното, Државната комисија планира иницирање на измена во Планот за вработување за 2017 година и доколку истото биде одобрено односно доколку бидат одобрени финансиски средства од Министерството за финансии за нови вработувања, Државната комисија ќе ги реализира истите со цел зајакнување на капацитетите во делот на човечките ресурси. Во спротивно, доколку не се изреализираат, истите ќе се предвидат во планот за вработување за 2018 година.

Државната комисија посветува внимание и на континуирана професионална обука на вработените преку семинари, тематски работилници, студиски посети, како и обуки согласно програмите за генерички и специјализирани обуки.

**Резултати**

1.1.1 Специјализирани семинари

Одржување на специјализирани семинари и конференции каде целна група би биле вработените во Државната комисија и за тема би ги имале јавните набавки, концесиите и јавното - приватно партнерство.

**Индикатори за постигнување на резултатот:**

- Број на ново вработени лица во Државната комисија
- Број на одржани специјализирани семинари и конференции за вработените на Државната комисија

**Активност: 1.2**

**Надградба и континуирано одржување на воспоставената ВЕБ - страна на Државната комисија, базирана на информации за секојдневната работа на Државната комисија и нејзината правна пракса на полето на јавните набавки, концесиите и јавното приватно партнерство и базата на податоци**

ВЕБ - страната претставува комуникација помеѓу претставниците на јавниот и приватниот сектор од една страна и на Државната комисија за жалби по јавни набавки од друга страна. Државната комисија како самостоен државен орган, врши објавување на сите потребни информации на ВЕБ - страната, објавување на примените жалби на дневна основа, како и јавно објавување на донесените одлуки тековно од одржаните седници и со сето тоа ја зголемува транспарентноста на својата работа.

Со воспоставувањето и одржувањето на ВЕБ - страната, преку јавното објавување на правната пракса од работењето на Државната комисија, се овозможува на заинтересираните странки да доаѓаат до информациите кои им се потребни, на соодветен начин, во реално време.

Исто така, на ВЕБ – страната на Државната комисија за жалби по јавни набавки изготвена е и се ажурира база на податоци, преку која со лесно пребарување, посетителите можат да се запознаат со правната пракса на донесените одлуки на Државната комисија.

**Резултати**

1.2.1 Секојдневно објавување на пристигнатите жалби

Запознавањето на јавноста преку секојдневното објавување на пристигнатите жалби до Државната комисија за жалби по јавни набавки е доста корисно, со оглед на фактот што и договорните органи и Советот за јавни набавки на дневна основа можат да имаат увид дали на некоја нивна водена тековна постапка, останала некоја страна незадоволна и истата изјавила жалба до Државната комисија.

1.2.2 Објавување на сите одлуки по жалби на Државната комисија

Сите донесени одлуки на Државната комисија ќе бидат јавно објавени преку ВЕБ - страната на Државната комисија со што учесниците во постапките за правна заштита, како и јавноста ќе бидат запознати со делувањето на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

1.2.3 База на податоци

Базата на податоци објавена на ВЕБ – страната на Државната комисија е од големо значење за заинтересираните посетители на истата, бидејќи преку пребарување на базата на податоци, може лесно да се дојде до увид во правната пракса од изминатите неколку години.

**Индикатори за постигнување на резултатот:**

- Секојдневно објавени жалби на ВЕБ - страната на Државната комисија
- Број на посетители на официјалната ВЕБ – страна
- Тековно објавување на сите донесени одлуки на Државната комисија по повод изјавени жалби во постапките за доделување на договори за јавни набавки

**Активност: 1.3**

**Учество во процесот на постојана обука и стручно усовршување на сите инволвирани страни во постапките за доделување договори за јавни набавки (приватниот сектор, јавниот сектор и локалната самоуправа) преку организација на работилници**

Државната комисија претставува институција која преку својата практична работа генерално го подобрува системот на јавни набавки, концесии и јавно приватно партнерство во Република Македонија. Поради тоа, освен главната надлежност која ја има на полето на правната заштита во постапките за доделување договори за јавни набавки, концесии и јавно приватно партнерство, обуките на претставниците на јавниот и приватниот сектор е втора по важност активност на Државната комисија. Оваа голема потреба од обука на полето на правната заштита, произлегува и од големиот број на изјавени жалби пред Државната комисија, кој сам по себе е индикатор кој говори за потребна натамошна обука на сите учесници во јавните набавки.

**Резултати**

1.3.1 Учество на членовите на Државната комисија како едукатори на приватниот и јавниот сектор на обуките организирани од страна на државните органи.

Претставници на Државната комисија ќе земаат учество како едукатори во обуките кои ги организира Бирото за јавни набавки или поединечните државни органи на тема јавни набавки, концесии и јавно приватно партнерство каде би можеле да ја доближат постапката за правна заштита пред учесниците на тие обуки.

1.3.2 Учество на членовите на Државната комисија како едукатори на обуките кои ги организираат претставници на приватниот и невладиниот сектор.

Членовите на Државната комисија за жалби по јавни набавки ќе земат учество како едукатори на обуките кои ќе ги организираат претставници на приватниот и невладин сектор се со цел доближување на работата до економските оператори, а воедно и би влијаеле на подобрување на целокупната состојба на полето на јавните набавки.

1.3.3 Едукативен пристап во писмените образложенија на одлуките на Државната комисија

Во образложението на секоја одлука на Државната комисија задолжително мора да се содржи детално осврт на сите жалбени наводи. Сите повреди на законот на кои Државната комисија внимава по службена должност, исто така мора да бидат детално образложени и објаснети. Сето ова треба да биде достапно и јавно за да можат сите договорни органи во идните постапки да го инкорпорираат во своите одлуки за доделување договори за јавни набавки.

**Индикатори за постигнување на резултатот:**

- Број на одржани обуки
- Број на учесници на одржаните обуки
- Оцена на квалитетот на обуките

**Активност: 1.4**

**Учество во подобрувањето на правната рамка која го уредува системот за јавни набавки во Република Македонија**

Државната комисија за жалби по јавни набавки активно го следи спроведувањето на законската рамка и има за цел да сигнализира за потребата од преземање мерки за подобрување или корекција на одредени одредби од законите на кои се темели работата на Државната комисија. Тоа ќе придонесе до подобрување на примената на законските решенија, преку отстранување на недостатоците кои се идентификувани при примена на законите и подзаконските акти.

**Резултати**

1.4.1 Учество на Државната комисија во давање мислење по однос на измените и дополнувањата на Законот за јавните набавки

Државната комисија потребно е да земе учество при измена и дополнување на Законот за јавните набавки и подзаконските акти со давање мислење по предложените решенија, како и давање сопствени иницијативи за соодветни измени во насока на подобрување на законската рамка.

**Индикатори за постигнување на резултатот:**

- Број на законски измени и дополнувања на Законот за јавните набавки во кои учествувала Државната комисија со свои мислења или иницијативи
- Број на донесени измени и дополнувања или нови подзаконски акти кои се однесуваат на јавните набавки, концесиите и јавно приватно партнерство

**Активност: 1.5**

Примена на ИСО стандарди за квалитет 9001:2008

Квалитетот на услугите кои ги нуди Државната комисија за жалби по јавни набавки се верифицирани преку квалитетен систем за управување. Државната комисија преку избрано сертификационо тело изврши имплементација на стандардите за квалитет ИСО 9001:2008.

Со воспоставување на квалитетен систем за управување, се придонесе квалитетот да биде примарна цел и да се достигне посакуваното ниво на квалитет. Особено е важно дека институциите кои работат согласно барањата од ИСО 9001:2008, постојано вршат подобрување на својата работа преку континуирани мерења, анализи и подобрување на понудените услуги.

Во текот на 2017 година е предвидена прва надзорна проверка по извршената сертификација, која ќе ја изврши сертификационото тело, со цел проверка на примената на ИСО стандардите за квалитет во секојдневното работење на Државната комисија.

**Резултати**

1.5.1. Примена на стандардизирани постапки во процесот на работење на Државната комисија за жалби по јавни набавки и подобрување на квалитетот во работата. Со воведувањето на овој стандард ќе се намалат и трошоците кои се создаваат како резултат на зголемената ефикасност.

**Индикатори за постигнување на резултатот:**

- Број на изработени процедури за секојдневното работење на комисијата согласно ИСО стандардите за квалитет 9001:2008 и имплементирање на истиот
- Зголемена ефикасност на работењето по имплементација на ИСО 9001:2008

**Приоритетна цел: 2.**

**Развој, одржување и надградување на електронската архива во Државната комисија за жалби по јавни набавки, како и воведување на електронски систем за управување и водење на целокупната жалбена постапка пред Државната комисија**

Една од позначајните промени кои се случија во работењето на Државната комисија за жалби по јавни набавки е воведената електронска архива, преку која секој влезен и излезен документ е јасно видлив, односно сите релевантни информации се достапни до вработените во Државната комисија, а со тоа се зајакна квалитетот и транспарентноста во работењето. Државната комисија планира и имплементација на електронски систем за водење на жалбена постапка со што истата ќе се поврзе електронски со договорните органи, економските оператори, Управниот суд и Вишиот управен суд согласно новите измени на Законот за општа управна постапка. Исто така, потребна е и надградба и усовршување на електронската архива, со цел истата да дава посодржајни извештаи кои ќе произлезат од податоците кои се внесуваат во истата.

**Активност: 2.1**

**Систем за прием на жалби**

Системот за прием на жалби и нивно електронско заведување во е–архивата и овозможува на Државната комисија да врши брзо и ефикасно распоредување на истите преку квалитетно управување со документите. Ваквиот систем овозможува точно пребарување на примените жалби и придружната документација, што е од особена важност за работата на Државната комисија, која во секојдневната работа оперира со огромен број поединечни документи.

**Резултати**

2.1.1 Воведување на електронското заведување на жалбите преку електронската архива на Државната комисија и дава поголема сигурност со оглед на фактот што моменталната достапност и поголема транспарентност го забрзуваат работниот процес воопшто.

**Активност: 2.2**

**Електронска распределба на предмети по случаен избор**

Електронската распределба на предмети во Државната комисија за жалби по јавни набавки се врши и ќе се врши по случаен избор, исклучиво по електронски пат. Со воведувањето на електронската архива и електронската распределба за работа на предметите се постигна уште побрза и поефикасна распределба и решавање на предметите, што всушност е и најголема придобивка за сите

заинтересирани лица во постапките кои се водат пред Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**Резултати**

2.2.1 – Зголемена транспарентност во работата на Државната комисија, како и зголемена ефикасноста при одлучувањето со оглед на фактот што сите членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки имаат увид во доставената жалба и одговор на жалба во секој еден пристигнат предмет пред Државната комисија, а со тоа можат на поквалитетен начин да се спремат и да бидат запознати со предметите пред одржување на седница на која се гласа за секој предмет и се носи одлука.

**Активност: 2.3**

**Електронско доставување на одлуки на Државната комисија до странките во постапката за правна заштита**

Електронското доставување на одлуките донесени на седница, Државната комисија за жалби по јавни набавки го прави во рок од 48 часа од завршувањето на седницата на која се донела одлуката, со што се постигнува брза, ефикасна и квалитетна правна заштита во системот на јавните набавки.

**Резултати**

2.3.1 Задоволни странки во постапките за правна заштита пред Државната комисија за жалби по јавни набавки, со оглед на фактот што донесената одлука од страна на Државната комисија, странките ја добиваат на електронска адреса потпишана со електронски потпис, со што се подигнува на повисоко ниво доверба, комуникативност и транспарентност помеѓу странките и Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**Активност: 2.4**

**Интегриран систем за поврзување на сите инволвирани страни во жалбената постапка пред Државната комисија по електронски пат во реално време.**

Имплементација на заштитен електронски систем со што системот на Државната комисија ќе се поврзе со електронскиот систем за јавни набавки ЕСЈН (договорни органи и економски оператори) како и Управниот суд и Вишиот управен суд (во случај на тужба или жалба на пресуда). Воедно, со системот се очекува и поврзување со веќе имплементираниот систем на Советот за јавни набавки.

**Резултати**

2.4.1 Со имплементација на овој систем целата комуникација ќе биде олеснета преку поврзување на новиот систем со веќе имплементираните системи на ЕСЈН и Советот за јавни набавки и ќе биде постигната компактибилност со Законот за општа управна постапка во сите делови кои се повикуваат на електронската комуникација и препраќање на предмети во електронска форма, како и известување за статус и зададени рокови. Целокупната постапка пред Државната комисија од поднесување на жалбата до донесувањето на решението и неговото доставување до заинтересираните страни би било по електронски пат.

**Активност 2.5**

**Надградба и усовршување на електронската архива, со цел истата да дава посодржајни извештаи кои ќе произлезат од податоците кои се внесуваат во истата.**

**Резултати**

**2.5.1. Со надградба и усовршување на електронската архива ќе се придонесе автоматски да се добиваат посодржајни, поцелисходни и поквалитетни извештаи. Системот на електронската архива е потребно да биде подобрен и надграден во делот на обработка на податоците кои се внесени, односно врз основа на податоците кои се внесуваат, истиот е потребно автоматски да дава готови обработени податоци во смисла на конкретен број на поднесени жалби, тужби и слични податоци**

**Индикатори за постигнување на резултатот:**

- Навремено доставување на одлуките на Државната комисија за жалби по јавни набавки
- Зголемена транспарентност и професионалност во работењето
- Прецизна евиденција на добиените одлуки
- Електронско водење на целата жалбена постапка пред Државната комисија
- Поголема достапност на целосни податоци и автоматска обработка на истите при подготовка на извештаи за работењето на Државната комисија

**Евроинтегративен процес**

Во рамки на евроинтегративниот процес, ќе се остваруваат активностите на Државната комисија за подготвување на НПАА Матрицата, како и

месечно и квартално редовно известување на Секретаријатот за европски прашања (СЕП) за постигнатиот напредок.

## Осврт кон досега постигнатите резултати

Државната комисија за жалби по јавни набавки во изминатиот период оствари значителни резултати на полето на зацртаните програмски активности.

Државната комисија за своето работење поднесува годишен извештај до Собранието на Република Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година. Земајќи го предвид досегашното работење, сите поднесени Извештаи за работата биле усвоени од Собранието на Република Македонија согласно законските одредби.

Државната комисија за жалби по јавни набавки има воспоставено одлична соработка со Бирото за јавни набавки, Советот за јавни набавки и со меѓународните институции на полето на јавните набавки присутни во Република Македонија - „SIGMA“ (Support for Improvement in Governance and Management, a joint initiative of the OECD and the European Union), како и со други меѓународни институции поврзани со јавните набавки преку учество на студиски посети и конференции. Преку комуникација со меѓународните институции и организации се цели да се зацврсти и прошири соработката или да се воспостави стабилна рамка за идна соработка.

## Улога на Државната комисија за жалби по јавни набавки во системот за јавни набавки

Државната комисија за жалби по јавни набавки обезбедува правна заштита врз основа на принципите на законитост, ефикасност, економичност и контрадикторност на постапката.

Целокупниот систем за јавни набавки во Република Македонија, треба да овозможи примената на принципот „најдобра вредност за своите пари“. Разбирајќи ја огромната важност за потребата од одговорно трошење на јавните пари, Државната комисија со својот транспарентен и законит начин на работа, промовира правна заштита за сите учесници во системот на јавните набавки, концесиите и јавно приватно партнерство.

Квалитетниот систем на јавните набавки се обидува да обезбеди транспарентност во трошењето на јавните пари, а квалитетната правна заштита е присутна со цел да оневозможи своеволно користење на средствата на даночните обврзници.

Воспоставување, примена и развој на добар и ефикасен систем на јавни набавки и неговата хармонизација со Европските директиви, се една од главните преокупации на сите вклучени страни во овој процес.

Обезбедувањето ефикасна правна заштита во системот на јавни набавки придонесува за серија на економски и социјални придобивки и остварување на долгорочни цели меѓу кои се и наведените:

- Засилување на конкуренцијата на пазарот
- Засилувањето на финансиското менаџирање
- Борба против корупцијата
- Ограничување на административните бариери и зафаќања
- Зголемување на интересот на приватниот сектор за јавните набавки
- Обезбедување најдобра вредност за своите пари
- Стимулација на квалитетот

**Очекувани резултати во 2017 година**

Целта на работењето за 2017 година е да се обезбеди извршувањето на законските обврски содржани во Законот за јавните набавки. Во 2017 година, се очекува Државната комисија да продолжи со непречено и ефикасно остварување на нејзините надлежности и евентуалните ново делегирани надлежности предвидени со Законот за јавните набавки.

Претседател,
Маја Малахова

Maja Malahova

Digitally signed by Maja Malahova
DN: o=Drzavna komisija za zalbi po javni nabavki, c=MK, email=maja.malahova@gs.gov.mk, sn=Malahova, givenName=Maja, cn=Maja Malahova
Date: 2017.03.24 14:53:35 +01'00'